Татјана ТАКАШМАНОВА-СОКОЛОВСКА

# ДИЈАЛЕКТИКАТА ПОМЕЃУ ИНТЕРНАЛИЗАЦИЈАТА И ЕКСТЕРНАЛИЗАЦИЈАТА КАКО РАЗВОЈНИ МЕХАНИЗМИ ВО ТЕОРИИТЕ НА ЖАН ПИЈАЖЕ И ЛЕВ ВИГОТСКИ

Термините интернализација-екстернализација во теориите на Жан Пијаже (Jean Piaget) и Лев Виготски (Лев С. Выготский) претставуваат експланаторен психолошки модел за менталниот развој, а не само дескриптивни процеси кои укажуваат на просторната метафора за општите карактеристики на развојот на сознанието (од внатре кон надвор, односно од надвор кон внатре).

Во двата теориски система во фокусот на експлицитна анализа ставен е поимот интернализација*, но, објаснувањата на интернализацијата имплицитно ја објаснуваат екстернализацијата. Всушност, и двајцата автора во своите учења базично го вградуваат поимот интернализација. Тоа е клучот за разбирање и на Пијажеовиот конструктивизам и на социјалното потекло на сознанието во теоријата на Виготски.

Но, за да може да се разбере интернализацијата како развоен механизам, најдобро е да се разгледува во пар со екстернализацијата и тоа паралелно во двата теориски система. Токму низ ваков дијалектички пристап во објаснувањето на механизмите на интернализацијата-екстернализацијата би можела сосема јасно да се нагласи потребата Пијажеовиот теориски систем да се надополни со значајни постулати од теоријата на Виготски, со што ендогениот, индивидуален, операторен и универзален конструктивизам на Пијаже би се отворил за семиотичко посредување, односно не би се доживувал екстремно спротиставен на социјалниот, егзоген, семиотички и контекстуален развој инхерентен за субјектот во теоретскиот систем на Виготски.

Проширувањето на Пијажеовиот конструктивизам на начини што ги покажува теоретската парадигма на Виготски се чини дека е сосема изводливо, па дури можеби и неопходно, бидејќи постојат исклучително важни епистемолошки и методолошки принципи кои се заеднички на двата автора: генетичката перспектива, дијалектичкиот пристап, анти-редукционизмот, анти-дуализмот, важноста на акција-

---

* Во теоријата на Виготски интериоризација. И покрај разликите во името, како и во различното дефинирање, како што ќе се види од натамошниот текст во трудов, во двете теории околу поимот интернализација суштината останува иста: и двајцата автора сакаат да ја објаснат конструкцијата на внатрешното психичко функционирање во однос на надворешните аспекти на однесувањето.

та, давање примат на процесите и квалитативните промени при објаснувањата на текот на менталниот развој на единката.

Базичната спротивност помеѓу теоретските системи на Пијаже и Виготски најчесто се сумира во две правила кои го покажуваат правецот на развојот во секоја од теориите. Пијажеовата концепција би можела да се опише како *внатре-надвор,* што значи дека когнитивните процеси се конструирани внатрешно, а токму тие конструкции доведуваат до екстернални реперкусии кои го менуваат односот на субјектот со социјалната или физичката средина. Од друга страна, теоретската концепција на Виготски најчесто се опишува преку правилото *надвор-внатре,* што би значело дека детето прво ги утврдува односите со другите и кога овие односи ќе се интернализираат тогаш тие ја конституираат основата за детските когнитивни процеси. Значи, и во теоријата на Виготски врската помеѓу субјектот и објектот (средината) исто така се нагласува, само што Пијаже нагласува дека менталниот развој на детето кореспондира со процесите на екстернализација, а за Виготски развојот кореспондира со процесите на интернализација.

За Пијаже *интерналното* се состои во интернализирани акции, а за Виготски тоа се интрапсихичките функции.

За Пијаже *екстерналното* го претставуваат манифестираните акции, а за Виготски тоа се интерпсихичките функции.

Но, и за двајцата *врската помеѓу интерналното и екстерналното* е во постојана промена во текот на развојот, иако тоа воопшто не се одвива на едноставен начин. Во секој случај, и за Пијаже и за Виготски, интерналната и екстерналната реалност не се два сосема различни и статички ентитета дефинирани еднаш засекогаш и за сите подеднакво: напротив, тие се создаваат низ развојот и границите меѓу нив се мобилни. Всушност, станува збор за спротивни аспекти на менталниот развој кои со својот дијалектички сооднос се инхерентни на сите когнитивни процеси (Марти, 1996).

Според Пијаже (Piaget,1980, според Marti,1996, стр.59), парот интернализација-екстернализација претставува "долга листа на спротивности кои се одвиваат заедно со асимилација-акомодација, структурипроцеси и постапки, акција-значење, финалност-каузалност, трансформација-компарација, итн. Од една страна, логичко-математичките инструменти претходно конструирани според интерналните цели стануваат неопходно потребни за да се исполнат екстерналните цели. Од друга страна, интерналните цели водат кон конструкција на нови ментални конструкти (класи, броеви, морфеми и друго) што порано или подоцна ќе служат за генерирање проблеми во средината која ги содржи во себе екстерналните цели".

Очигледно дека за Пијаже менталниот развој претставува нешто многу повеќе отколку единствена тенденција што се движи од внатре кон надвор. Развојот, според теоријата на Пијаже, би можел да се опише повеќе како „последица на инволвирање на симултана организација на интерналниот ментален простор на субјектот и екстерналната реалност“ (Такашманова-Соколовска, 1998, стр. 6). Значи, Пијажеовиот конструктивизам се заснова врз дијалектичката природа на сознанијата која не се должи ниту само на субјектот, ниту само на објектот, туку се појавува заради интеракцијата помеѓу нив и напредува во два правца: интернализација и екстернализација.

Виготски, пак, инсистира на тесна поврзаност помеѓу интерпсихичкото и интрапсихичкото функционирање. Тој говори (според Wertsch, 1996) за изоморфизам помеѓу организацијата на интерпсихичките и интрапсихичките процеси, иако не станува збор за едноставна транспозиција на карактеристиките на интерпсихичкото функционирање на внатрешен план, туку процесот на интернализација претпоставува внатрешна, интернална реконструкција која што ги модифицира интерпсихичките функции.

Оттука би можело да се заклучи дека и Виготски, како и Пијаже, верува дека интерналното функционирање не е дадено, туку е конструирано. Или, според Wertsch (Wertsch, 1996, стр. 48), „процесот на интернализација не е трансферален процес на екстерналната активност кон претпостоечката интернална рамнина на свеста, туку тоа е процес во кој се формира интерналната рамнина.“

Значи, според Пијаже и Виготски, интернализацијата не може да функционира како развоен механизам без екстернализацијата, и обратно. Токму со прифаќањето на двојноста на интернализацијата и екстернализацијата како развојни механизми, теоретските размислувања и објаснувања на Пијаже и Виготски суштински ги надминуваат антагонистичките термини „организам наспроти средина“ и идеите за индивидуалното наспроти социјалното потекло на умот и обратно, присутни во размислувањата на нативистите и емпиристите.

*Во теоријата на Пијаже* интернализацијата како развојна тенденција овозможува конструирање на сè поавтономна, во однос на екстерналната реалност, интернална рамнина на функционирање. Преминот од сензомоторна кон репрезентациона интелигенција во текот на развојот претставува круцијална точка во механизмите на интернализацијата.

Во повеќе свои трудови Пијаже (Pijaže, 1972; Piaget, 1972; Пијаже, 1988; Pijaže и сор. 1990), нагласува дека основен проблем во врска

со интернализацијата е да се разбере механизмот на интерналните координации коишто во себе содржат истовремено и инвенција (увидување без обиди и грешки) и ментална антиципација којашто е во тесна врска со репрезентацијата.

Инвенција значи да комбинираш ментално. За да може тоа да се остварува, сензомоторните шеми мора да бидат доволно способни за интеркомбинирање на различни начини за да би биле во можност да го подигнат нивото на репрезентација до вистинска инвенција. Значи, од послободното и побрзото комбинирање на сензомоторните шеми ќе зависи конструирањето на новите карактеристики во интерналната рамнина на функционирање. Сето тоа доведува до зголемување на автономијата и менталната контрола кај субјектот, што од друга страна ја поттикнува неговата инвенција.

Всушност, според Пијаже, за да има инвенција нужно е да постои репрезентација. Од друга страна, пак, репрезентацијата зависи од инвенцијата. Ова е динамичен процес кој не може да се остварува без функционирањето на асимилационите шеми, кои што претставуваат неопходен предуслов за да се одвива репрезентацијата.

Во оваа смисла и Пијаже ја нагласува важноста на диференцијацијата помеѓу знакот и означеното. Според него, знаците (симболите) се од генетичко потекло или потекнуваат од перцептуалните механизми. Токму преку диференцијацијата помеѓу знакот (симболот) и означеното, карактеристична за симболичката (семиотичката) функција, Пијаже ја определува специфичната интеракција помеѓу инвенцијата и репрезентацијата. Ако инвенцијата претставува процес кој резултира од активноста на асимилационите шеми, репрезентацијата би можела да се сфати како симбол на инвентивната активност.

Симболичките форми и семиотичките системи за Пијаже сепак се од секундарна важност во процесот на конструирање на сознанието и интернализација на мислењето. За него тие претставуваат едноставни потпирачи на операционалното мислење. Всушност, според неговиот интеракционизам, двојниот процес на интернализација и екстернализација, поточно врската помеѓу интерналните структури на мислењето од една страна, и сè повеќе растечкото, екстензивно знаење за екстерналната реалност од друга страна, се остварува субординирано на динамизмите на координирање на самите акции на субјектот, при што како водечки се јавуваат компензаторските механизми на еквилибриумот.

Од досега изнесеното би можело да се заклучи дека процесот на интернализација, според Пијаже, се остварува главно преку брзи и мо-

билни композиции на акционите шеми на субјектот и нивните релации со интерналните симболи кои ги конструираат неопходните средства за репрезентација. Но, Пијаже додава и трет, многу важен механизам во процесот на интернализацијата: свесност на субјектот (самосвест) не само за посакуваните резултати од сопствените акции, туку и свесност за природата на она што се комбинира низ акциите, односно операциите.

Развојот на способноста да станеш свесен за сопственото мислење, за сопствената интернализација, води кон тоа развојниот тренд да тече од поперифeрните аспекти на акцијата кон поинтерналните. Токму во самосвеста јасно се манифестира и екстернализацијата како развојна тенденција. Поточно, според објаснувањата на Пијаже, екстернализацијата претставува паралелна тенденција на сознанието и му овозможува на субјектот да оди подлабоко во карактеристиките на објектите и карактеристиките на нивните каузални врски.

*Во теоријата на Виготски* исто така се инсистира на реципрочност помеѓу интернализацијата и екстернализацијата, но, за Виготски екстерналното функционирање се поистоветува со интерпсихичкото функционирање помеѓу луѓето, поточно екстерналното е дефинирано преку социјалните интеракции. Всушност, Виготски за разлика од Пијаже сосема јасно во својот теориски систем го брани социјалното потекло на конструкцијата на сознанието.

Сепак, теоретската парадигма на Виготски не би смеела да се интерпретира исклучиво како едноставна афирмација на ставот дека личноста учи низ нејзините размени со другите. Според Виготски (Виготски, 1977; Выготский, 1982; Виготски, 1988; Виготски, 1989), станува збор за длабока врска помеѓу двата плана на функционирање при што екстерналното ги детерминира главните аспекти на интерналното функционирање. Оваа врска се остварува токму низ процесот на интернализација во кој всушност доаѓа до трансформирање на социјалните феномени во психолошки феномени. Овие психолошки функции (интерналните функции) задржуваат некои од карактеристиките на функционирањето на социјалната интеракција.

Виготски тргнува од тоа дека секоја психичка функција се јавува два пати на сцената: еднаш како интерпсихичка категорија, потоа како интрапсихичка. Сите повисоки ментални функции се интернализирани односи на социјалните видови и ја конституираат основата на социјалната структура на личноста. Дури и кога е само, човековото суштество ги задржува функциите на интеракција.

Свеста, според Виготски, претставува само рефлексија за рефлексиите. Поточно, свеста „се развива низ инкорпорациите на социјалните рефлексии“ (според Veer et al, 1988, стр.63).

За Виготски свеста има радикално трансформаторска моќ (според Козулин, 1995, стр. 119, кој го цитира Виготски според неговите собрани дела од 1983 год., издадени во Москва). Секако дека животот ја дефинира свеста. „Свеста е само еден од многуте животни моменти, но, кога еднаш ќе се појави свеста сама по себе почнува да го дефинира животот, или попрецизно, свесниот живот се дефинира себеси низ свеста“.

Како примарни инструменти на свеста се јавуваат вербалните значења и смисловните суштини, а нивниот развој примарно зависи од интерперсоналните семиотички интеракции.

Всушност, ако за Пијаже динамиката на акциите на субјектот игра главна улога во структурирање на процесот на интернализација, за Виготски тоа е семиотичкото посредување.

Виготски зборува за три големи класи на посредници: знаци и симболи, индивидуални активности и интерперсонални односи. За структурата на вишите ментални процеси карактеристично е дека тие се организирани со помош на знаци, поточно посредувани се со знак. Способноста за создавање и користење на знаците и знаковните системи, или семиотичката (симболичката) функција се заснова врз принципот на сигнификација, невролошки принцип кој е карактеристичен само за човековиот мозок. На тој начин, ова природно својство на човековиот мозок за создавање знаци (симболи) отвора речиси неограничени можности за комуникација помеѓу луѓето со посредство на знаковни системи и така ја открива можноста за конструктивното влијание на социјалните фактори во организирање на менталните функции.

Значи, Виготски јасно согледува дека практичната комуникација со помош на заеднички активности (постапки), афективната комуникација со помош на невербални средства и, конечно, комуникацијата со знаковни системи, и тоа првенствено вербалната комуникација, сочинуваат нужен услов за одржување на човековата заедница, за развој и на заедницата и на поединецот и за одржување на неговото ментално здравје. Но, најзначајно откритие на Виготски е дека системите на знаци кои потекнуваат од потребите за комуникација се преобразуваат во средства за организација на однесувањето на поединецот. Знакот свртен кон внатре служи за структурирање на индивидуалното однесување: за себесознавање, за организирање на сопствените ментал-

ни процеси, за регулирање на волевите динамизми и слично. Очигледно, не постои непремостлив јаз помеѓу социјалното и индивидуалното, туку напротив, многу е интензивна комуникацијата помеѓу индивидуалниот и социјалниот план на однесување. Така, само во размената што се одвива внатре во групите настануваат и оние психички феномени кои се најспецифични во психолошката конституција на личноста: внатрешниот говор, сложените чувства, чувството на личен идентитет, итн.

Очигледно, во теоријата на Виготски не станува збор за едноставен трансфер на карактеристиките на социјалните процеси на интрапсихички план, иако Виготски не е експлицитен во врска со егзактните психолошки механизми кои го објаснуваат преминот од екстернално кон интернално функционирање. Длабоката врска помеѓу двата плана на функционирање се одвива низ текот на процесот на интернализација, кој, всушност, според Виготски, ги трансформира социјалните феномени во психички.

Во оваа смисла, интернализацијата како процес би можела да се објасни повеќе како интернална реконструкција која ги модификува социјалните процеси и во нивната структура и во нивната функција. Ова особено би можело да се заклучи од објаснувањата на Виготски за потеклото и функцијата на внатрешниот говор.

Вака опишан процесот на интернализација јасно е дека повторно нè упатува на исклучителната важност на семиотичкото посредување. Оттука, пак, постојано се нагласува во теоријата на Виготски, клучот за разбирање на формите на семиотичката медијација би требало да се бара во социјалните, односно екстерналните извори на знакот, и тоа во две суштински значења:

1. Системите на знаци (јазикот, бројките, алгебарските симболи, мнемотехниките итн.) се социјални според својата природа, бидејќи тие се продукт на социо-културната еволуција; тие стануваат индивидуални низ процесот на интернализација.

2. Системите на знаци влегуваат во комуникациските динамизми на социјалната интеракција носејќи го во себе значењето, и во таа смисла се користат за влијание на другите, но, подоцна, благодарение токму на интернализацијата, се користат за влијание над самиот себеси, или како метакогнитивни способности (Такашманова-Соколовска, 1998).

Метакогницијата настанува во процесот на воспоставување меѓусебни врски помеѓу различни ментални функции и, во основа, се состои во интелектуализација на сите функции, вклучувајќи го и инте-

лектот. Тргнувајќи од неговото верување дека најважен параметар на развојот не претставува развојот на секоја поединечна функција, туку промената на односите помеѓу одделните ментални функции, поточно интеграција на функциите која создава нови функционални целини, Виготски во врска со метакогнитивните способности внесува во своето учење два клучни поима: освестување и совладување, во смисла на контролирање.

Освестувањето претставува акт на когницијата во кој објект на когницијата станува токму когнитивната активност. Тоа, пак, овозможува контрола, совладување во смисла на волево однесување и процена на сопствените когнитивни способности.

Ваквите објаснувања на Виготски се многу слични со Пијажеовите, кога тој, објаснувајќи го процесот на интернализација, ја нагласува исклучителната важност на свесноста на субјектот (самосвесноста), или способноста да станеш свесен за сопственото мислење, за сопствената интернализација. Но, како што претходно беше објаснето, Пијаже овој проблем го решил со интернализација на акцијата од сензомоторна интелигенција до формално-логички операции, поточно со развојни промени од пониски кон повисоки форми на еквилибриум, а Виготски инсистирал дека доаѓа до реорганизација во систематските структури на свеста низ интернализација на социјалните семиотички системи.

Од друга страна, објаснувајќи ја интернализацијата, поточно менталниот развој, Пијаже често во своето учење како важни фактори во развојот ги спротиставува, или, поточно, повеќе трага за дијалектичкото единство помеѓу емпириската апстракција и рефлексивната апстракција, индуктивната генерализација и конструкционата генерализација, кореспонденциите и трансформациите. Сето тоа би можело да укажува дека и Пијаже, како и Виготски беше свесен за важноста на егзогеното (екстерналното) кога се објаснуваат развојните тенденции на ендогените (интерналните) конструкции.

Ниту само акцијата, сфатена во смислата на Пијаже, ниту само интеракцијата, сфатена во смислата на Виготски не може да го објасни развојот. Според Вознјак, (Wozniak, 1996) во секоја акција има цел и очекување. Значењето на секоја акција вклучува спецификација на крајна состојба и очекување, но и знаења за генералната структура на шемата за таа акција, како и спецификација што дозволува да се менува акцијата под различни срединскi услови. Во широката категорија на акции, една поединечна класа на акции стои како посебна и единствена - категоријата на интеракциите: акции со луѓе многу повеќе от-

колку акции со објекти. Во нив се содржи контролата на очекувањата што влијае врз когнитивниот систем тој да се одвива како отворена акција. Очекувањата служат да се регулира богатството на акцијата, но и како параметри наспроти кои се вреднуваат резултатите од акцијата. Побогата интеракција - побогата акција. Од друга страна, побогата екстернализација - побогата интернализација, и обратно.

Конечно, ние немаме друг начин на спознавање на светот и на нас самите, независен од дијалектиката и комплементарноста на процесите на интернализација и екстернализација како развојни механизми, поточно, независен од внатрешните структурни рамки конструирани и проверувани низ искуството, вклучувајќи го тука, пред сѐ, социјалниот елемент, без разлика дали тоа ќе бидат Пијажеовите когнитивни структури или системот на знаци на Виготски.

## ЛИТЕРАТУРА


1. Kozulin, A. (1995). The Learning Process-Vygotsky's in the Mirror of its Interpretations. *School Psychology International*, Vol.16, 117-129
2. Marti, E. (1996). Mechanisms of Internalisation and Externalisation of Knowledge in Piaget's and Vygotsky Theories. *Piaget-Vygotsky-The Social Genesis of Thought*, A.Tryphon and J.Voneche (eds.), 57-82
3. Piaget, J. (1972). Intelectual Evolution from Adolescence to Adulthood. *Human Develomment*, 15, 1-12
4. Pijaže, Ž. (1972). Pijažeovo gledište. *Psihologija*, 1-2, 85-99
5. Пијаже, Ж. (1988). *Развој на интелигенцијата (избор на трудови)*. Просветно дело, Скопје
6. Pijaže, Ž. & Inhelder, B. (1990). *Psihologija deteta*. Novi Sad
7. Такашманова-Соколовска, Т. (1998). *Когнитивниот развој и сликата за себе во периодот на адолесценцијата*, Скопје: Графохартија
8. Veer, R. & Valsiner, J. (1988). Lev Vygotsky and Pierre Janet: On the Origin of the Concept of Sociogenesis. *Developmental Review*, 8, 52-65
9. Vigotski, L.S. (1977). *Mišljenje i govor*. Beograd: Nolit
10. Выготский, Л.С. (1982). *Развитие личности и мировоззрения ребёнка. Москва*: Психология - Тексти, Издателъство Московского Университета
11. Виготски, Л.С. (1988). *Генетички корени на мислењето и говорот*, книга прва, Скопје: Просветно дело
12. Виготски, Л.С. (1989). *Учењето, играта и развојот во предучилишната возраст*, книга втора , Скопје: Просветно дело
13. Wertsch, J.V. (1996). The Role of Abstract Rationality in Vygotsky's Image of Mind. *Piaget-Vygotsky-The Social Genesis of Thought*, A.Tryphon and J.Voneche (eds.), 25-42
14. Wozniak, R.H. (1996). Qu'est-ce que l'intelligence? Piaget, Vygotsky, and the 1920s crisis in psychology. *Piaget-Vygotsky-The Social Genesis of Thought*, A.Tryphon and J.Voneche (eds.), 11-24

## SUMMARY

Tatjana TAKASMANOVA-SOKOLOVSKA

### DIALECTICS BETWEEN INTERNALIZATION AND EXTERNALIZATION AS DEVELOPMENTAL MECHANISMS IN THE THEORETICAL FRAMES OF JEAN PIAGET AND LEV VYGOTSKY

The primary goal of this work is to explain the internalization- externalization concepts, especially their dialectics and complementary as psychological model of mental development. With regard to that, there is a need to open Piaget's constructivism for Vygotsky's semiotic mediation; the growing mind can't happened independently of internal structures which are developed and tried out through experience, primarily includind the social element.